јануари - април
2016

МЕД МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

# ИНФОРМАТОР #30



**Македонското еколошко друштво го најавува 5 Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество, кој ќе се одржи во Охрид, во периодот 19-22 октомври, 2016 година.**

# ПРОДОЛЖУВАМЕ СО АКТИВНОСТИТЕ НА ОСОГОВО!

Од 22 до 24 јануари 2016 година во Кочани се одржа првата средба на МЕД и партнерските организации Бугарската фондација за биоразнообразие (BBF) и Еуронатур од Германија по повод отпочнувањето на новиот прекуграничен проект насловен „Поддржување на одржлива иднина за луѓето и природата на Осоговските Планини“. **Овој проект е продолжение на активностите на Осогово кои МЕД ги спроведува од 2007 година. Главниот финансиер на проектот е Германската агенцијата за животна средина (DBU), а дел од финансиите ги обезбедува Франкфуртското зоолошко друштво (FZS).**



Проектот кој ќе се спроведува до март 2018 година, предвидува поддршка за одржливо шумарство на Осогово, подобрување на познавањето на крупните цицачи на Осогово и анализа и демонстрација на можностите за развивање на еко-туризмот на Осогово.

Втората работна средба на партнерите МЕД и ББФ се реализираше во Бугарија во март, каде експертите за крупни месојадни животни ги презентираа резултатите од своите истражувања за постоечкиот див свет на Осогово. Покрај извештајот, планирано е да се формира прекугранична мониторинг шема, во која вклучените активно ќе ја набљудуваат состојбата со крупниот дивеч од двете страни на планината.

Контакт: Светлана Пејовиќ
*arsovska@mes.org.mk*

# МАЛИ ГРАНТОВИ ЗА МЛАДИ ОРНИТОЛОЗИ

Во рамките на проектот „Развој на капацитети за заштита на преселните патишта на птиците во Медитеранот“ ја согледавме потребата за зајакнување на капацитетите на волонтерите и младите соработници на МЕД кои ретко имаат можност да учествуваат директно во процесите на планирање, спроведување и известување за проекти. Со таа цел МЕД ја спроведе инцијативата за доделување на мали грантови за млади волонтери, а добитниците се волонтерски групи од Скопје, Охрид и Демир Хисар.

Групата на студенти-волонтери го насочи својот интерес кон истражување на птици преселници во градот Скопје и спроведува теренски истражувања на шест различни локации во градот и неговата околина. Теренските активности се спроведуваа откако тимот одржа теренска обука за сите учесници. Овој тим беше особено успешен во промовирање на својата работа преку социјалните медиуми.

Извидничкиот одред „Пионер“ од Охрид спроведува активности за подигање на јавната свест за птиците од регионот особено помеѓу најмладите. Презентациите кои беа спроведени во десет основни училишта во Охрид беа поткрепени со видео и фото материјал како и информативни табли кои беа оставени на користење во училиштата.

Планинарското друштво „Бигла Илиница“ од Демир Хисар, работи на организирање на првата дводневна обука за мониторинг на преселни патишта и за таа цел изготви работна програма.



Контакт: Ксенија Путилин
*putilin@mes.org.mk*



## МЕД како дел од проектот Заштита на биолошката разновидност на Балканот – Зајакнување на соработката долж Балканскиот зелен појас

Програмската канцеларија на IUCN за Југо-источна Европа и Еуронатур од Германија во јануари 2015 година го започнаа проектот „Заштита на биолошката разновидност на Балканот - зајакнување на соработката долж Балканскиот зелен појас“ (БЗП) кој ќе трае две години, а е финансиран од Германската фондација за животна средина. Целта на проектот е заштита на прекуграничната еколошка мрежа на границите на Албанија, Бугарија, Грција, Косово, Македонија, Црна Гора, Србија, Турција и Романија, преку подобрување на соработката долж Балканскиот зелен појас.

Во проектот се предвидени активности за запознавање на јавноста со БЗП и подобрување на соработката помеѓу клучни страни долж појасот. Дел од тие активности се организација на меѓународни работилници на оваа тема, фото конкурс на тема Балкански зелен појас, како и организација на настани за промоција на БЗП. За спроведување на овие активности во секоја од деветте земји долж БЗП вклучени се партнерски невладини организации од земјите. Во Македонија, МЕД е организацијата вклучена во спроведувањето на овие активности, како клучна организација за прашања поврзани со Зелениот појас и членка на асоцијацијата Европски зелен појас.

**МЕД во април, стана член на Меѓународната унија за заштита на природата ИУЦН.**

## ФОТО КОНКУРС - БАЛКАНСКИ ЗЕЛЕН ПОЈАС 2016

Во рамките на проектот „Заштита на биодиверзитетот на Балканот - зајакнување на соработката долж Балканскиот зелен појас“, се организираат фото конкурси на тема мотиви од зелениот појас, во сите долж Балканскиот зелен појас.

МЕД, како партнерска организација во проектот, заедно со Еуронатур, го организира првиот фото конкурс на тема Балкански зелен појас во Македонија, кој ќе биде отворен до крајот на јуни 2016 година.

Целта на фото конкурсот е да се запознае јавноста со иницијативата Зелен појас, неговото богатство и важноста во зачувувањето на природата од човечките влијанија.

Деталите за начинот и условите на учество во фото конкурсот може да се најдат на интернет страната на МЕД www.mes.org.mk.



# Нова фаза од Програмата за закрепнување на балканскиот рис е на повидок



Последната недела од февруари беше навистина плодна за тимот кој работи на заштита на рисот. Во Скопје се состанаа учесници од МЕД, Друштвото за заштита на природната средина во Албанија, КОРА од Швајцарија и Еуронатур од Германија, со цел да започнат со подготовките за нова, четврта фаза од проектот. Четиридневната работилница за прв пат во програмата за заштита на рисот ги опфати Отворените стандарди за зачувување на животната средина, а беше водена од г-ѓа Илке Тилдерс од Холандија. Отворените стандарди се релативно нова алатка во конзервационата биологија која му помага на тимот да примени систематски начини при планирање, имплементација и мониторинг на идните проектни активности со цел да се види што функционира, што не функционира и зошто. На крајот тимот ќе може да ги адаптира и подобри своите напори во конзервација. Отворените стандарди послужија и како рамка за развој на „Миради“ софтверски програм кој служи да ги воведе практикантите во неколкуте чекори при имплементација на отворените стандарди. На пример програмот дава можност за подобра визуелизација и документација на тоа што треба да е приоритетно за заштити, кои се заканите и можностите кои влијаат на целниот вид, кои закани се најзначајни, како активностите ќе повлијаат за подобрување на фактичката состојба, и како стратешкиот план понатаму ќе се оствари преку работен план и буџет. Овие доста значајни прашања се решаваат во партиципативен процес со знаења кои се стекнати во досегашното имплементирање на проектот. Процесот на подготовка на четвртата фаза од Програмата за закрепнување на балканскиот рис ќе продолжи со уште една работилница во јуни, а финалниот производ ќе биде нов предлог проект кој ќе биде доставен до фондацијата МАВА од Швајцарија.

Закрепнување на критично загрозен подвид како што е балканскиот рис е мисија која ќе трае долго време. Во последните 10 години од имплементацијата на програмата се дојде до сознание дека е од огромно значење да се продолжи со овие активности каде плански и целно ќе се настапи со цел да се редуцираат главните закани и да се обезбеди целосна заштита на јадровите подрачја за рисот – НП Маврово и планината Мунела во Албанија.

Втората работилница за следната фаза од Програмата за закрепнување на балканскиот рис се одржа во Скопје од 18 до 22 април. На оваа работилница се работеше на комплетирање на стратегиите кои проектот ги имаше во изминатите 10 години и листање на нови стратегии на кои ќе се работи во наредната фаза. Во јуни, за време на третиот собир, ќе се дефинираат новите стратегии и ќе се зборува за подетален буџет

Контакт: Диме Меловски
*melovskid@mes.org.mk*

# Децата од прекугранична Преспа го обележаа Светскиот ден на водните живеалишта




По повод Светскиот ден на водните живеалишта, 2 февруари, децата од прекугранична Преспа, спроведувајќи симболична активност го прикажаа нивниот свет во мало. Децата од основните училишта во трите земји направија поединечни макети претставувајќи ја сопствената страна на водното живеалиште, со крајна цел спојување на трите макети, овозможувајќи им на децата да ја покажат прекугранична Преспа како целина.

Активноста ја подготви ПреспаНет (СПП, МЕД и ППНЕА). Спроведувањето на креативниот пакет на прекуграничните модели започна на 6 февруари со младите „уметници“ од Грција со боење и пополнување на макетата за нивната страна, потоа продолжи на 9 февруари во ОУ „Гоце Делчев“ во Ресен, Македонија и заврши на 12 февруари во Основното училиште во Долна Горица, Албанија.

Езерата, реките, шумите, земјоделците, рибарите, овчарите, локалните култури, влажните ливади, рибите и добитокот,најдоа соодветно место во макетите на водните живеалишта, уште еднаш потенцирајќи ги нераскинливите врски помеѓу човекот и природата во регионот.

Активноста беше комплетирана на 19 февруари во Општина Ресен, со симболично спојување на трите модели од страна на учениците од ОУ „Гоце Делчев“од Ресен. Претставници на Општината, ПреспаНет членови и учениците кои учествуваа во изработката на македонскиот дел на Преспа, имаа можност да ја видат целосната слика на Преспанското Езеро како едно водно живеалиште.

Моделот на Преспа понатаму ќе патува и во албанскиот и во грчкиот дел на Преспанскиот регион за да можат сите деца кои учествуваа во оваа активност да го видат крајниот резултат на нивниот труд.

Контакт: Даниела Заец
***zaec@mes.org.mk***

# 83 проценти од локалното население сака Шар Планина да стане Национален парк

83% од локалното население коешто живее во општините долж Шар Планина сака планината да биде прогласена за национален парк, ова е резултат од спроведеното истражување за утврдување на свесноста на населението во однос на прашањата поврзани со идното прогласување на Шар Планина за национален парк што МЕД и платформата „Пријатели на Шара“ го спроведоа во 2015 година.

Истражувањето е спроведено во над 30 населени места во општините Јегуновце, Теарце, Тетово, Гостивар, Боговиње и Врапчиште на репрезентативен примерок од 410 испитаници на возраст од 18-60 години. Според членовите на платформата „Пријателите на Шара“ ова истражување потврди и еден од поголемите проблеми во однос на ресурсите на планината, а тоа е илегалната сеча.

Скоро сите испитаници одговориле дека Шар Планина има потенцијал за развој на туризмот, како фаворити се наведени зимскиот туризам 83%, планинскиот туризам 80% и рекративниот и спортски туризам кој е наведен од 71% од испитаниците. За жал, истражувањето покажа дека само 19% од испитаниците се свесни и запознаени за придобивките на екотуризмот.

Иако ставот на населението е позитивен за Шар Планина да стане национален парк, информираноста за процесот околу нејзиното прогласување е ниска. На прашањето – Дали сте слушнале дека Шар Планина е предложена за заштитено подрачје? - негативно одговориле дури 61%. Ова истражување е активност на проектот „Зачувување на биолошката разновидност преку одржливо управување на ресурсите на Шар Планина“ спроведуван од МЕД и финансиран од Германската федерална агенција за животна средина DBU.




Фросина Пандурска Драмиќанин
*pandurska@mes.org.mk*

# ИНФОРМАТОР #30

## Конференција за значењето од прогласувањето на Шар Планина за Национален парк - Шар Планина, Косово



МЕД во соработка со „Пријателите на Шара" на 25 март ја организираше конференцијата на тема „Важноста од прогласување на Шар Планина за национален парк во Македонија" во срцето на Националниот парк „Шари" во општина Драгаш во Косово. На оваа средба беа присутни повеќе од 70 учесници, од кои 60 беа гости од Македонија. Целта на конференцијата беше создавање на дијалог меѓу клучните чинители од регионот на Шара во Македонија и Косово во однос на заштитата на природните богатства на Шар Планина, како и презентирање на придобивките од постоењето на Националниот парк „Шари", кој во Косово формиран во 1986 година.



На оваа конференција учествуваа претставници од општините во близина на Шар Планина во Македонија и Косово, претставници од релевантните институции кои работат на заштита на природата, како и локалното население. Според учесниците од Шар планина во Македонија, овој настан е многу корисен за размена на информации, особено за функционирање на НП во Косово на Шар Планина.

Оваа конференција беше финансиски поддржана од АБДА Програмата во рамки на проектот финансиран од ЕвропскатаУнија – „Потикнување на регионалната соработка и рамномерен територијален развој на земјите од Западен Балкан во процесот кон ЕУ интеграција", имплементиран од Постојаната работна група за регионален рурален развој (SWG) во Југоисточна Европа и проектот „Зачувување на биолошката разновидност преку одржливо употреба на ресурсите на Шар Планина" спроведуван од Македонско еколошко друштво и финансиран од Германската федералната агенција за животна средина DBU.

Фросина Пандурска Драмиќанин
*pandurska@mes.org.mk*

## Стратешко планирање на МЕД

Како дел од вообичаената пракса на долгорочно планирање на активностите, МЕД ја започна новата фаза на стратешко планирање. За таа цел, претставници од различните структури на МЕД, реализираа неколкудневна самоценка на Друштвото, која се спроведе во канцелариите на МЕД. По ова, следеше дводневна работа во Дојран, каде со помош на експерт за стратешко планирање од Bird-Life, беа излистани главните приоритети и насоки за следната Стратегија која ќе се однесува периодот 2017-2019 година. Согласно договореното, финалната стратегија треба да биде изработена до јуни 2016 година.




Контакт: Светлана Пејовиќ
***arsovska@mes.org.mk***

## Спроведен тренинг за Атлас на птици гнездилки за сезона 2016 година



Волонтери и поддржувачи на МЕД учествуваа во обуката за Атлас на птици гнездилки која се одржа на 23ти април во с.Побожје, подножје на Скопска Црна Гора.

Целта на обуката е што повеќе луѓе да се запознаат со методологијата за спроведување на Атласот во Македонија, како и да ги подобрат своите способности за препознавање на птици. Потоа следеше тестирање на методологијата за работа на терен. Поддршка во обуката ни даде и холандскиот амбасадор г-н Ваутер Пломп, кој е искусен набљудувач на птици во Холандија, и со задоволство работеше со волонтерите и им помагаше во препознавањето на птиците.

За време на теренот пројдовме низ неколку различни видови живеалишта – од рурални населби, преку влажни ливади, до брдски пасишта со грмушки. Во тој мозаик од живеалишта успеавме да забележиме неколку пара на пупунци, ги слушавме повиците на сариjазмите и славејчињата, а над нас прелетуваа горски гулаби.

Контакт: Данка Узунова
***uzunova@mes.org.mk***

EBBA2 European Breeding Bird Atlas

EBCC European Bird Census Council every bird counts

# ИНФОРМАТОР #30

## „Поврзување на луѓето со природата (3)“

Изминатите три месеци активностите во рамките на проектот „Поврзување на луѓето со природата (3)“ беа посветени за промовирање проектниот план и сè што е зацртано да се оствари во четирите значајни растителни подрачја до крајот на оваа година. Локалните партнери од секое подрачје заедно со МЕД организираа и спроведоа информативни средби, состаноци, предавања во основни и средни училишта и остварување нови соработки со заинтересирани чинители.

### *Информативна средба во ЗРП „Богданци“*

Локалната партнерска организација „Полимат 13“ во соработка со МЕД реализираше успешна прва информативна средба во Богданци на која учесници беа претставници од општината, училиштата, граѓански организации, приватен сектор и други заинтересирани граѓани.



### *Предавања за значењето на дивите растенија и запознавање со дел од растителниот диверзитет во основните училишта во Богданци и Преспанскиот крај*





### *Теренска посета во Демирхисарско, каде беше дефинирана трасата каде што ќе поминува идната шумска наставна патека*



Локалната партнерска организација „Арт Поинт Гумно“ заедно со претставници од МЕД, СОУ „Крсте Петков Мисирков“, локални планинарски друштва и подружницата на „Македонски шуми“ двапати извршија теренски увид за да ја конретизираат точната должина и позиција на патеката.

IUCN Plantlife

Контакт: Наталија Меловска
*angelova@mes.org.mk*

# Работилници за застапување и ублажување на ефектите на ветерните паркови и далекуводите врз птиците

Во рамки на проектот Развој на капацитетите за заштита на преселните патишта на птиците во Медитеранот, февруари годинава во Лисабон, се одржаа работилници за застапување при комуникација со клучни чинители од енергетскиот сектор, како и презентација на најдобрите пракси за ублажување на ефектите од ветропарковите и далекуводите. Беа претставени пракси како исклучување на ветерници на барање (shut down on demand), осовременување на далекуводи, вклучување во планирање на национални енергетските политики, дефинирање на мапа на еколошка сензитивност значајна за птици  итн.

Застапување на наодите на партнерските организации во различни случаи каде енергетската инфраструктура влијае врз птиците беа добра вежба за сите учесници, каде уште еднаш се нагласи значајноста за воспоставување продуктивна соработка со енергетскиот сектор.

Оваа работилница беше подготвителна фаза за сите партнерски организации кои имаат предвидени конкретни активности за соработка со енергетски сектор во следната фаза на спроведување на проектот.

Контакт: Данка Узунова
*uzunova@mes.org.mk*

# Заедничка работилница за „Документирање и евалуација на податоци" на Euronatur и Европскиот совет за птици гнездилки во Радолфцел

Вкупно 21 учесник од 10 различни земји и 13 различни организации присуствуваа на заедничката работилница на Euronatur и Европскиот совет за птици гнездилки, со тема "Документирање и евалуација на податоци", која финансиски беше подржана од фондацијата МАВА. Главните теми на дискусија беа поврзани со потребата за стандардизација при собирање, документирање и евалуација на податоци, особено во случаите на проекти со повеќе партнерски организации (како Adriatic Flyway 3) или на европски проекти (како што е вториот Европскиот атлас за птици гнездилки).



На работилницата се постигна договор за два значајни аспекти од спроведувањето на двата проекти – прво, партнерските организации вклучени во спроведување на Adriatic Flyway 3 се согласија на употреба на единствена платформа за собирање податоци, а второ, националните координатори на Атласот за птици гнездилки добија детално објаснување за важноста од стандардизација при собирање и документирање на податоци, со оглед на географскиот опсег на проектот за Атласот.

http://www.ebba2.info/

http://www.euronatur.org/endangered-species/migratory-birds/campaign-on-bird-hunting/adriatic-flyway/

# Теренска прослава на 50 годишнината од спроведување на зимското пребројување на птици во Македонија

Одбележувањето на 50 годишнината од спроведувањето на зимското пребројување на птици во Македонија се спроведе на терен. Овој јубилеј се одбележа на територија на сите земји потписнички на Афричко-евроазискиот договор за заштита на водни водови птици, кој е под покровителство на Wetlands international.



Како и секој година, во третиот викенд на јануари, три групи од вкупно 8 вработени и волонтери на МЕД избројаа вкупно 32700 единки водни птици, претставници на 28 различни видови. Станува збор за птици кои ги користат езерата, реките, акумулациите и поплавните ливади низ Македонија (и низ сите земји од Афричко-евроазискиот прелетен пат за птици) за време на студените и неповолни зимски услови.



Од деветте локалитети кои беа посетени – Дојранско Езеро, Охридско Езеро, Преспанско Езеро, акумулации Мантово, Паљурци и Младост, песочни ископи кај с. Ќоселари, поплавни ливади во с. Богородица и с. Кучичино – најмногу птици беа избројани на трите природни езера. На сите три езера доминираа птиците од фамилијата на лиските (Rallidae), а следни по бројност беа нуркачите (Podicipedidae), па патките нуркачи (Anatidae). На сите три природни езера – кои се прекугранични – организирани беа симултани пребројување заедно со колегите од организациите PPNEA и Albanian Ornithological Society од Албанија и Hellenic Ornithological Society од Грција.

И покрај лошите временски услови, особено во југозападниот дел на Македонија, учесниците уживаа во пребројувањето, бидејќи знаат дека придонесува кон следење на зимските популации на многу значајни водни видови птици.




На крај од пребројувањето, учесниците номинираа по три птици кои ги виделел на терен и со гласање на социјалните мрежи ја одбраа гусковидната патка (*Tadorna tadorna*) за птица на овогодинешно пребројување.

Контакт: Данка Узунова
***uzunova@mes.org.mk***

# Студиска посета во Полска

На покана од полската амбасада во РМ, а во организација на Министерството за Надворешни Работи на Република Полска и Агенцијата за Информации и Странски Инвестиции, во периодот од 24-30 април, три претставници од МЕД учествуваа на студиска посета во Варшава, Националниот парк Бјаловежа, Европските села на штркови во Двор Пентово и Живково, и неколку други локалитети. Во текот на посетата, беа остварени повеќе средби со претставници од научната заедница, државните органи и граѓанскиот сектор.

На средбата со претставниците од Директоратот за Стратегија и Комуникации при Министерството за животна средина, претставниците на МЕД се информираа за начинот на кој функционира директоратот и начинот на кој се остварува соработката со граѓанскиот сектор.

Во Универзитетот за Природни науки во (SGGW) Варшава, беше одржана средба со претставник на организацијата „European Bison Friends Society”, во текот на која беше разговарано за активностите кои ги преземаат во насока на заштитата, управувањето и реинтродукцијата на Европскиот бизон ширум Европа. На одделот за интередисциплинарни студии за заштита на природата (MSOS) при Универзитетот во Варшава, беше одржана средба на која се разговараше за заштитата на влажните живеалишта во Полска, со особен осврт на случајот „Роспуда“ во кој, активисти и научници влијаеја кон подобрување на развојните инфраструктурни планови на Полска. Со претставници од НП Бјаловежа и Институтот за проучување на цицачите во Бјаловежа, беше разговарано за организацијата и историјатот на овие институции, начинот на кој се управува со заштитените зони на Паркот, активностите и истражувањата кои се спроведуваат на неговата територија, со акцент на крупните цицачи, како и за проблемите и мерките за справување со инвазивните видови.



Во рамки на посетата, МЕД имаше средба и со претставник од фондацијата „Дива Полска”, каде повеќе внимание беше обратено на начините на финансирање на активностите за зачувување на животната средина. На средбите со организациите „National Society of Birds Protection - PTOP”, „Polish Society for the Protection of Birds - OTOP” и „Social Ecological Institute” имавме можност да видиме како функционираат повеќе еколошки граѓански здруженија, кои значително се разликуваат во бројот и структурата на членовите, начинот и областите на делување итн., и да се запознаеме со нивните искуства и предизвици.

Особено интересни беа посетите во Живково и Пентово, села на штркови кои работат на заштита на локалните популации на штркови, одржуваат едукативни тури и промовираат еколошки туризам во Полска. Примерите од овие села беа одлични показатели за тоа во која насока може да се развива македонската иницијатива за село на штркови во Чешиново-Облешево.

Контакт: Васко Авукатов
***avukatov@mes.org.mk***